Бр/Nr. ____________
Скопје/Shkup_________година/viti

Врз основа на член 37-и од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022) и член 20-г од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019 и 14/2020) и член 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 година, Јавното претпријатие за државни патишта, со седиште на ул.„Даме Груев“ број 14, во Скопје, објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 4/2023
за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта за следните работни места

**1. КДР0305Б01090 - Советник за контрола на сообраќај** во Одделението за контрола на сообраќај, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина – 2 **(двајца) извршители**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VIБ степен образование од областа на Машинство, Сообраќај и транспорт, Електротехника
- Работно искуство – најмалку три години работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во три смени и трае по 8 часа и тоа прва смена од 06.00 до 14.00, втора смена од 14.00 до 22.00 и трета смена од 22.00 до 06.00
- Работа на празник и работа ноќе
- Местото на извршување на работните задачи е во Контролниот пункт Неготино
- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Основната плата изнесува 42.360,00 денари

**При изборот предност ќе имаат кандидатите кои имаат поминато обука за SKADA и CCTV Системи.**

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2023 година, вработувањата се предвидени за : 1 (еден) Ром(ка) и 1 (еден) – Албанец(ка)

**2. КДР0305Б03065 Сменоводител за наплата на патарина** во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –3 **(три) извршители**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство - најмалку една година работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во две смени и трае 12 часа, од 07,00 часот до 19,00 часот и од 19,00 до 07,00 часот
- Местото на извршување на работните задачи е Наплатни станици во РСМ
- Работа на празник и работа ноќе

- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Основната плата изнесува 27.600,00 денари

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2023 година, вработувањата се предвидени за : 2 (двајца) Албанец(ка) и 1 (еден) - Турчин(ка),

**3. КДР0305Б03131 - Контролор за видео мониторинг контрола** во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –1 **(еден) извршител**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство - најмалку една година работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во една смена и трае 8 часа
- Работно време е флексибилно според дневен или неделен распоред на активности изготвен од Раководителот
- Местото на извршување на работните задачи е Контролен центар Петровец
- Работа на празник и работа ноќе
- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Основната плата изнесува 34.320,00 денари

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2023 година, вработувањата се предвидени за : 1 (еден) – Албанец (ка),

4. **КДР0305Б02076 Одговорен на наплата на патарина** во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –1 **(еден) извршител**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство - најмалку две години работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во една смена и трае 12 часа
- Работно време од 07,00 часот до 19,00 часот.
- Местото на извршување на работните задачи е Наплатни станици во РСМ
- Работа на празник
- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Основната плата изнесува 29.700,00 денари

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2023 година, вработувањата се предвидени за : 1 (еден) – Албанец (ка),

5. **КДР0305Б02038 Координатор за наплата на патарина** во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина –1 **(еден) извршител**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство - најмалку две години работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во една смена и трае 8 часа


ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Работа во работни денови – од понеделник до петок.
- Работно време од 7,30/8.30 часот до 15.30/16.30 часот.
- Местото на извршување на работните задачи е во Контролниот центар Петровец
- Основната плата изнесува 35.040,00 денари

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2023 година, вработувањата се предвидени за : 1 (еден) – Албанец (ка),

Покрај гореневедените посебни услови, предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.11.2019 година, број 02-12413/1 од 02.12.2020, број 02-1826/1 од 19.02.2021, број 02-5788/1 од 04.06.2021, број 02-2299/1 од 08.03.2022, број 02-7329/1 од 25.07.2022, број 02-2601/1 од 17.03.2023 и број 02-7047/1 од 25.07.2023, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување предвидени со член 37-ж од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.11.2019 година, број 02-12413/1 од 02.12.2020, број 02-1826/1 од 19.02.2021, број 02-5788/1 од 04.06.2021, број 02-2299/1 од 08.03.2022, број 02-7329/1 од 25.07.2022, број 02-2601/1 од 17.03.2023 и број 02-7047/1 од 25.07.2023 и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Општи работни компетенции
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување

Кон пријавата заинтересираните кандидати треба да доставаат:

- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност, не постар од 6 (шест) месеци
- Потврда/Доказ за работно искуство
- Уверение / диплома за завршен степен на образование,
- Лекарско уверение за општа работна способност, не постаро од 1 (една) година
- Уверение за државјанство.

**Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копија заверена кај нотар.**

**Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

Вработувањето ќе биде на неопределено време.

Рокот за пријавување на кандидатите е 15 (петнаесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на јавниот оглас во дневни весници (не сметајќи го денот на самото објавување).

Лице за контакт Биљана Цветковиќ.
Контакт телефон 02/3118- 044.

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за вработување со доставување на пријава за вработување (ПРИЈАВАТА МОЖЕ ДА СЕ ПРЕВЗЕМЕ ОД WEB СТРАНАТА НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА www.roads.org.mk ИЛИ ПАК ОД ПРИЈАВАНИЦАТА НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА) со контакт податоци и документи/докази за исполнување на условите за вработување на адреса на Јавното претпријатие: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ул.„Даме Груев“ бр. 14 , 1000 Скопје или во писарницата на Јавното претпријатие за државни патишта, со назнака „за јавен оглас број 4/2023 за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта “.

***КАНДИДАТИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ВО ПРИЈАВАТА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА НАВЕДАТ ПО КОЈ БРОЈ НА ОГЛАС КОНКУРИРААТ И ЗА КОЕ РАБОТНО МЕСТО АПЛИЦИРААТ***.

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни податоци и изјава дадена под материјална и кривична одговорност со која кандидатот потврдува дека податоците од пријавата се точни, а доставените докази оригинал или верни на оригинал.**

**Кандидатите кои нема да ја достават наведената пријава, кои истата нема да ја пополнат во целост или пак нема да наведат по кој број на оглас и за кое работно место конкурираат, ќе се сметаат за неуредни.**

Некомплетната и ненавремената документација нема да се земе во предвид при разгледувањето на пријавите.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција за постапка за вработување на даватели на јавни услуги формирана од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази кон пријавата и интервју и тоа во следниот рок:

Фаза 1 – проверка на внесени податоци во пријавата : Во рок од 10 дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите

Фаза 2 – проверка на приложени докази кон пријавата: Во рок од 10 дена од спроведената проверка на внесените податоци во пријавата

Фаза 3 – интервју – во рок од 10 дена од проверката на приложени докази кон пријавата

По завршување на постапката на селекција на кандидатите, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

Јавно претпријатие за државни патишта

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. “Dame Gruev” nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk